(*неофицијален превод*)

ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

Јуни 2019 година

**Водич за подготовка на**

**Програмата на економски реформи 2020 – 2022**

**за земјите од Западен Балкан и Турција**

(*неофицијален превод*)

## I. Вовед

**а)** Програмата на економски реформи 2020-2022 година треба да биде доставена до Европската комисија најдоцна до 31 јануари 2020 година. Програмата треба внимателно да ги следи насоките од овој водич, кој ги зема предвид научените лекции од претходната година.

**б)** Постоењето на силна врска меѓу макроекономското и фискалното сценарио и агендата на структурни реформи е од суштинско значење за сеопфатноста, кохерентноста, ефективноста и кредибилитетот на програмата. Сите реформски мерки вклучени во ПЕР мора да содржат податоци за нивните проценети трошоци и начин на финансирање и да бидат целосно одразени во фискалната рамка. Деталите за трошоците и финансирањето на секоја реформска мерка треба да бидат презентирани во табелите 10а и 10б од Анексот. Достапна е техничка помош за поддршка на земјите-партнери при пресметка на трошоците. Деталниот водич може исто така да се најде овде:

https://www.cef-see.org/files/Costing_Guidance.pdf

**в)** Подготовката на ПЕР треба да биде централно координирана и одобрена на највисоко ниво. Треба да биде назначен официјален координатор во рамки на владата, кој го води процесот и обезбедува широк консензус. Покрај тоа, треба да бидат назначени ПЕР координатори во секое релевантно министерство. Заедно тие ја формираат работната група за ПЕР која ќе обезбеди широка сопственост на процесот.

**г)** За да се обезбеди сопственост и најширока можна политичка поддршка, особено е важно да се вклучат и да се консултираат сите заинтересирани страни, како што се бизнис заедницата, социјалните партнери и граѓанското општество, како и националниот парламент и регионалните и локалните власти. Идеално, тие треба да бидат вклучени во текот на целиот процес и да бидат консултирани за i) анализата на пречките за конкурентност и инклузивен раст идентификувани од страна на владата, ii) известување за реализацијата на заедничките заклучоци и претходните реформски програми и iii) идентификација и формулирање на клучните реформи. Меѓутоа, доколку тоа не е возможно, првиот комплетен нацрт ПЕР треба да биде предмет на јавна расправа, при што нацртот треба да биде јавно објавен најмалку две недели. Придонесот од заинтересираните страни треба да се сподели со Европската комисија во како анекс на ПЕР. Консултациите со јавноста треба да започнат најдоцна на 22 ноември 2019 година, со цел да се обезбеди доволно време за да се вклучат коментарите на заинтересираните страни во нацртот. Исто така, треба да се направат соодветни консултации со организациите на социјалните партнери во согласност со националните механизми за трипартитни консултации.

## II. Макро-фискална рамка

**а)** Во однос на претпоставките за надворешното окружување, предлагаме да се користат што е можно повеќе есенските проекции на Комисијата, кои ќе бидат објавени во почетокот на ноември. Потребните информации се достапни и во документот со проекции[1]. Последните предвидувања на Комисијата може да се најдат на веб-страницата на DG ECFIN:

http://ec.europa.eu/economy_finance/eu/forecasts/index_en.htm

**б)** Земјите се поканети да доставаат квантитативни информации со подготовка на стандардизиран сет табели од 1 до 8 во Анексот, како и табеларен преглед во формат читлив од страна на стандардните канцелариски програми.

**в)** За да се подобри споредливоста на различните документи, да се олесни анализата на макроекономската рамка и да им се помогне на земјите кандидати и потенцијални кандидати да се запознаат со барањата на податоци на програмите за стабилност и конвергенција, потребно е ПЕР да ги содржи, што е можно поцелосни, стандардизираните табели во Анексот. Табелите треба да презентираат збирни податоци на ниво на целата земја, вклучувајќи ги и финансиите на локалните власти. Доколку се оцени дека е корисно, во програмата може да се додадат и дополнителни нестандардизирани табели.

Во секој случај, треба јасно да се утврди статусот на квантитативните податоци. Колку што е можно, методологиите што се користат треба да бидат во согласност со стандардите утврдени на ниво на ЕУ, особено во контекст на Европскиот систем на сметки (ЕСА). Треба да се напомене доколку податоците се засноваат на методологии што отстапуваат од овие стандарди.

## III. Структурни реформи

**а)** ПЕР 2020-2022 треба да ги опфати следните осум области:

1. Реформи на пазарот на енергија и транспорт;

2. Земјоделски сектор, индустрија и услуги;

3. Деловно окружување и намалување на неформалната економија;

4. Истражување, развој и иновации и дигитална економија;

5. Реформи поврзани со трговијата;

6. Образование и вештини;

7. Вработување и пазар на труд;

8. Социјална заштита и инклузија.

---

[1] Техничките претпоставки на Комисијата за каматните стапки, девизните курсеви и цените на нафтата обично може да се најдат во поглавјето 1 од текстот за проекции, во посебна рубрика за техничките елементи зад прогнозата. Проценените за глобалниот раст на БДП и светската трговија се претставени во статистичкиот анекс на публикацијата, во табелите 55-60. Проекциите за цените на производите може да се најдат во табелата 62 од анексот на податоците.

**б)** ПЕР е континуирана програма. Така, доколку приоритетите останат исти активностите вклучени во ПЕР 2020-2022 треба да бидат исти со оние вклучени во ПЕР 2019-2021, а се однесуваат на 2020 и 2021 година, истовремено земајќи ја во предвид оценката на Европската Комисија за мерките во процесот на оценување на ПЕР во април 2019 година.

**в)** Приоритетните структурни реформи треба да бидат конзистентни со клучните документи развиени во билатералните односи со Европската Комисија, како и со националните и регионалните стратегии и цели, имајќи предвид дека обезбедувањето на конкурентност и инклузивен раст е главната цел на структурните реформи вклучени во ПЕР.

**г)** Европската Комисија ќе обезбеди помош за Западен Балкан и Турција во подготовката на Програмите за економски реформи 2020-2022, вклучително и поддршка од Центарот за извонредност во финансии (CEF) и можни TAIEX експертски мисии.

## IV. Формат

а) ПЕР треба да биде напишана со големина на фонт 12 и не треба да надминува 85 страни, од кои 40 страни треба да биде макроекономската и фискалната рамка. Делот за структурни реформи не треба да содржи повеќе од 20 реформи и не треба да надминува 40 страни. Во посебен анекс треба да се презентираат информации за резултатите и процесот на консултација со надворешните заинтересирани страни, заедно со нивниот придонес доставен во пишана форма и листа на институции кои се директно консултирани. Дополнителни информации и анализи се додаваат како дополнителни анекси кон главниот документ.

## V. Контакт лица во Европската Комисија

**а)** Во случај на прашања или коментари поврзани со макроекономската и фискалната рамка, контактирајте го г-дин Уве Штам во ДГ ЕКФИН на Uwe.Stamm@ec.europa.eu. За прашања или коментари поврзани со делот за структурните реформи од 1 до 5, контактирајте ја г-ѓа Барбара Банки во ДГ НЕАР на Barbara.BANKI@ec.europa.eu. За прашања или коментари поврзани со делот за структурните реформи од 6 до 8, контактирајте го г-дин Луис Пратс во ДГ ЕМПЛ на Lluis.Prats@ec.europa.eu.

(*неофицијален превод*)

ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

# ПРОГРАМА НА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ (ПЕР) 2020-2022

## УПАТСТВО

---

Очекуваната структура и содржината на ПЕР е подетално опишана подолу. Упатството е наменето да ги води земјите-партнери во изготвувањето на ПЕР со цел да гарантира дека обезбедените информации се соодветни и споредливи во сите земји.

## 1. ОПШТА РАМКА И ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА (најмногу 1 страна)

Во овој дел накратко се објаснува статусот на ПЕР во контекст на националните процедури, на пример дали е усвоен од парламентот и дали е предмет на широк национален процес на консултации со сите заинтересирани страни. Понатаму, накратко се опишуваат клучните економски предизвици на земјата, сегашната рамка на политики на среден рок и се наведуваат главните цели вклучени во таа рамка. Земјите се охрабруваат да се повикаат на оценката на Комисијата на соодветниот годишен извештај во рамки на пакетот за проширување.

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ЗАЕДНИЧКИТЕ ЗАКЛУЧОЦИ (најмногу 2 страни)

Овој дел од програмата треба да содржи концизен преглед на мерките што се преземени или е планирано да се преземат во текот на времетраењето на програмата за спроведување на **заедничките заклучоци** усвоени на Економско-финансискиот дијалог во мај 2019 година. Деловите кое се однесуваат на среднорочната макроекономска и фискална рамка и структурните реформи треба да бидат во согласност со овие мерки и треба да се повикуваат на нив и нивното очекувано влијание, онаму каде што е применливо.

## 3. МАКРОЕКОНОМСКА РАМКА (најмногу 15 страни)

Економската рамка треба да започне со краток преглед на очекувањата за развојот на светската економија и краток опис на основните технички претпоставки на програмата[2].

### 3.1. Неодамнешни економски случувања

Овој дел претставува многу краток преглед на случувањата во текот на 2019 година, фокусирајќи се на клучните економски агрегати: производството, потрошувачката, инвестициите, вработувањето, продуктивноста, платите, надворешниот сектор, инфлацијата, монетарните и кредитни варијабли, како и девизниот курс[3]. Подетална анализа на конкретни макроекономски прашања треба да биде презентирана во следниот дел.

Понатаму, во текстот треба да се направи споредба на економските трендови што се случиле од последното поднесување на ПЕР со оние предвидени во претходниот документ. Споредбата треба да ги нагласи причините за какво било значително отстапување од очекуваните трендови.

### 3.2. Среднорочно макроекономско сценарио

Во програмата се очекува да се прикаже реалистично и конзистентно среднорочно макроекономско сценарио. Доколку постојат значајни разлики помеѓу есенските предвидувања за 2019 година на националните и на службите на Комисијата, истите

---

[2]Клучните податоци за овој дел треба да бидат претставени во Табела 8 во Анексот. Во случај на големи ревизии во споредба со претходната програма или значителни отстапувања помеѓу претпоставките на програмата и оние на Европската Комисија, потребно е во Табела 8 да се користат коментари за појаснување.

[3]Дискусијата во овој дел треба да се базира на податоците дадени во табелите 1 и 2 во Анексот, како и во која било друга табела која може да биде додадена.

треба детално да бидат објаснети. Во ваков случај, би било корисно да се дадат некои индикации за ефектот на надворешните претпоставки на Европската Комисија врз главните варијабли во програмата (раст, инфлација, буџетско салдо и состојба на тековната сметка). Треба да се посвети внимание на елементите на економската политика и поддршката на предвидените макроекономски движења.

Макроекономската рамка треба да ги образложи изгледите за секоја од следните основни макроекономски области одделно и да ги објасни евентуалните значајни ревидирања на проектираните трендови во однос на претходната програма.

*Реален сектор*

Програмата треба да обезбеди доволно информации за изгледите на реалниот сектор за да овозможи анализа на цикличната позиција на економијата. Претпоставките за реалниот раст на БДП треба да бидат поткрепени со наведување на очекуваните извори на раст, како во однос на промените на факторите на производство, така и во однос на вкупната побарувачка, како и структурните реформи кои се очекува да имаат големо влијание врз растот. Во овој дел треба да се наведат пет мерки на структурни реформи од списокот со 15-20 мерки вклучени во дел 5, за кои се очекува дека ќе имаат најголемо влијание врз растот на среден рок.

*Монетарна политика, политика на девизен курс и инфлација*

Програмата накратко ќе ја презентира актуелната состојба и планираната монетарна политика и односот кон ценовната стабилност, режимот на девизниот курс и, поопшто, елементите на политиките. Во овој дел треба да се даде опис на тековните аранжмани на девизниот курс и сите предложени промени во однос на среднорочната одржливост на тековните аранжмани. Покрај тоа, треба да се претстави и очекуваната инфлација и да се објаснат инструментите на политиките кои ќе се користат за да се постигне таргетот на инфлација.

Треба да се истакнат и објаснат значајни промени во целите на политиките или инструментите во однос на претходниот документ, како за монетарната, така и за девизната политика и за инфлацијата[4].

*Надворешен сектор и негова одржливост на среден рок*

Во овој дел се претставува минатото и очекуваното идно движење на тековната сметка, вклучувајќи ги и нејзините главни елементи (стоки, услуги, доход, тековни трансфери). Исто така, ќе се процени до кој степен движењето на тековната сметка е циклично или структурно. Со цел да се проценат слабостите на билансот на плаќања, програмата треба да обезбеди анализа на движењата на капиталот и неговиот состав (приливи на СДИ, портфолио инвестиции, банкарско кредитирање итн.), со јасно идентификување на очекуваните текови кои создаваат долгови во периодот на опфат на програмата.

Во програмата треба да се презентира и движењето на нето меѓународната инвестициска позиција на земјата (МИП) и/или бруто надворешен долг. За подобро

[4]Табела 1а и 1б во Анексот.

да се процени ранливоста, се препорачува посебно да се образложат обврските кои бараат враќање на главница или камата, наспроти обврските кои не генерираат долг. Во овој поглед, главните ризици кои би можеле да влијаат на одржливоста на надворешниот долг ќе бидат идентификувани со проценка на ранливоста која произлегува од потенцијалните каматни стапки и шокови на девизниот курс и рочниот состав на долгот. Проектираните движења на надворешните резерви во однос на увозот и краткорочниот долг исто така треба да бидат опфатени.

Тука треба да биде опфатена и анализа на извозните перформанси на земјата, вклучувајќи ја и географската и секторската структура. Состојбата со ценовната и трошковната конкурентност на земјата треба да бидат оценети со употреба на конвенционални показатели, како што се Реалниот ефективен девизен курс[5], Номиналниот трошок за единица труд итн. Покрај тоа, треба да се оценат промените во извозниот пазарен удел на стоки и услуги со цел да се процени ценовната и неценовната конкурентност. Овој дел треба да заврши со кратка севкупна проценка на среднорочната одржливост на надворешната позиција на земјата.

Покрај тоа, со цел да се надополни макро-анализата, овој дел треба да обезбеди квалитативна проценка на националните пазари за стоки и услуги во однос на нивната отвореност кон меѓународна конкуренција и нивното ниво на интеграција со економијата на ЕУ. Ќе се заснова на последните случувања во: (i) трговската отвореност, (ii) перформансите на СДИ и (iii) пречките за трговија со стоки и услуги и за прекугранични инвестиции.

Во случај да се идентификуваат потенцијални проблеми, се очекува да бидат прикажани и предлози за политики. Треба да се забележат и објаснат значителните промени во целите на политиките или инструментите во однос на претходниот документ[6].

*Финансиски сектор*

Властите треба да обезбедат квантитативни и квалитативни информации за развојот на финансискиот сектор, вклучувајќи ја и неговата посредничка улога меѓу инвеститорите и штедачите. Треба да се опфати дел за проектираните движења на домашните кредити, особено во однос на движењето на кредитите на приватниот сектор и долгот на приватниот сектор. Проектираните трендови во составот и валутната деноминација на домашните кредитни текови ќе се дискутираат врз основа на податоците за девизните обврски на различни сектори на економијата кон банкарскиот систем, небанкарските финансиски институции и надворешните кредитори. Треба да се процени стабилноста на домашниот финансиски и банкарски систем и да се истакнат сите слабости, кои би можеле да ја загрозат неговата стабилност. Треба да се проценат ризиците поврзани со можните повратни влијанија помеѓу реалната економија и финансискиот сектор.

---

[5]Ве молиме дадете кратко објаснување како се пресметува РЕДК, вклучувајќи информации за пондерирањето на валутната кошница и користениот дефлатор.
[6]Табели 1а, 1г, 1ѓ, 1е и 8 во Анексот.

Програмата исто така ќе обезбеди информации за секоја планирана реформа на финансискиот сектор; особено треба да се истакнат прудентните, надзорните и регулаторните промени предвидени во текот на програмскиот период, во насока на поттикнување на финансиската стабилност, заедно со мерките за справување со нефункционалните заеми.

### 3.3. Алтернативни сценарија и ризици

Во овој дел треба да се прикажат главните нагорни и надолни надворешни и домашни ризици поврзани со макроекономското сценарио. Треба да се земат предвид потенцијалните негативни ризици за домашната побарувачка, како што се одложување во спроведувањето на клучни структурни реформи, недоволна имплементација на јавните инвестиции, политички неизвесности кои ја ограничуваат довербата или неповолни движења во расположливиот доход на домаќинствата. Во случај да се идентификуваат ризици за основното сценарио, силно се охрабрува прикажување на алтернативно макроекономско сценарио со јасно наведување на сите разлики во претпоставките и трендовите помеѓу сценаријата.

## 4. ФИСКАЛНА РАМКА (најмногу 25 страни)

### 4.1. Фискална стратегија и среднорочни цели

Овој дел служи како вовед и треба да ја објасни целокупната стратегија на фискалната политика. Посебно внимание треба да се посвети на прикажување на целите на фискалната политика во поширок контекст на целокупната рамка на економската политика. Програмата, исто така, треба да вклучува проценка на структурата и ефикасноста на системите за приходи, како и на составот и ефективноста на расходите, со нагласување на промените кои треба да се воведат со фискалната стратегија. Треба да се наведат и референци во однос на оценката на Комисијата за претходниот ПЕР и за Заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог меѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција од мај 2019 година.

### 4.2. Извршување на буџетот во 2019 година

Во овој дел треба да се опише имплементацијата на буџетот за 2019 година. Развојот на главните категории на расходи и приходи треба да биде накратко опишан и спореден со буџетот за 2019[7] година и причините за отстапувањата треба да бидат целосно проценети.

### 4.3 Буџетски планови за годината на поднесување на ПЕР

Во овој дел, програмата ќе ги опише буџетските планови за годината на поднесување на ПЕР. Развојот на главните категории на расходи и приходи треба кратко да се опише и да се спореди со буџетскиот план и исход од претходната година. Причините за отстапувања од претходната година треба да се објаснат и проценат.

### 4.4. Среднорочни буџетски очекувања

[7]Доколку има, треба да се направи споредба и со ребалансот на буџетот за 2019 година.

Во овој дел треба да опишат буџетските и другите економски мерки што се преземаат или се предлагаат за да се постигнат фискалните цели на програмата во целиот програмски период. Треба да го содржи фискалниот план за 2021-2022 година и опис и квантификација на основните политики и мерки. Програмата треба да ја илустрира остварливоста на фискалните цели на владата преку проекција на главните фискални агрегати. Треба да се процени до кој степен очекуваниот буџетски биланс може да зависи од остварувањето на структурните реформи.

За да се овозможи сеопфатно разбирање на патеката на буџетска рамнотежа и на буџетската стратегија воопшто, програмата треба да ги опише трошоците и приходите и нивните компоненти. Ова се очекува да биде поткрепено со квантитативни и квалитативни информации за најзначајните политики и мерки на страната на приходи и на страната на расходи кои ќе ја поддржат наведената фискална стратегија или може да влијаат на постигнувањето на фискалните цели, како што се оние во областа на оданочување (вклучувајќи проценки за даночни расходи), плати во јавниот сектор и вработување, системот на социјална помош, реформи на системите на субвенции итн. Еднократните и други привремени мерки треба јасно да се разликуваат од постојаните мерки.

Со вкрстено упатување на листата со петте мерки на структурни реформи за кои се очекува дека ќе имаат најголемо влијание врз растот, кои се наведени во делот 3.2 „реален сектор“, треба да се направи проценка за очекуваното буџетско влијание на овие пет мерки.

Програмата исто така треба да обезбеди информации за плановите за финансирање на тековните и идните буџетски дефицити и за изворите и очекуваните трошоци на таквото финансирање (вклучувајќи, каде што е можно, и ресурси на ЕУ), како и какви било планови за пристап до должничките пазари[8].

### 4.5. Структурен дефицит (циклична компонента на дефицитот, еднократни и привремени мерки, фискален став)

Земјите треба да ги презентираат своите ставови за цикличната позиција на економијата и нејзиното влијание врз буџетската позиција. Во текстот треба да се разгледаат факторите што влијаат на потенцијалниот раст и цикличните движења, како и параметрите, податоците и методологијата што се користат за проекциите. Еднократните и привремените мерки треба јасно да се идентификуваат и да се претставаат процените за нивното влијание врз буџетот (вклучувајќи и како процент од БДП) за претходната година и за целиот програмски период.

### 4.6. Управување со јавен долг, состојба и проекции на движењето на јавниот долг

[8]Податоците треба да се обезбедат врз основа на табелите 2, 3, 6 и 7 во Анексот и да се споредат со оние на фискалното известување. Само доколку ова е невозможно поради ограничената достапност и/или прелиминарната природа на фискалните податоци на ЕСА 2010, GFS податоците треба да се користат како алтернатива. Точните причини за тоа треба јасно да се наведат заедно со детален календар кој ги наведува активностите потребни за да се коригираат овие исклучителни методолошки слабости.

Програмата треба да ги опише институционалните политики/регулативи со кои се регулира управувањето со јавниот и јавно-гарантиран домашен и надворешен долг, а треба да бидат наведени и сите предложени нивни измени. Во оние случаи каде што се воведени лимити за задолжување, програмата треба да ги објасни клучните елементи на лимитите.

Овој дел треба да обезбеди и опис на клучните карактеристики на постојниот долг и проекција на неговото движење и неговите детерминанти на сите владини нивоа. Експлицитно треба да бидат наведени клучните претпоставки, како што се оние кои се однесуваат на каматни стапки и движењето на девизниот курс. За да се овозможи сеопфатно разбирање на движењето на долгот, треба да се обезбедат информации, колку што е можно, за компонентите на усогласување на состојбата и текот на јавниот долг, планираните приходи од приватизација и други финансиски операции. Онаму каде што е соодветно, се охрабрува презентирање на сензитивна анализа.

*Потенцијални обврски*

Овој дел ќе обезбеди проценка на потенцијалните обврски на централната и локалните власти, како што се: државни гаранции за задолжување, правните обврски, финансиски обврски кои произлегуваат од јавно-приватни партнерства и концесии, обврските на финансиските институции во државна сопственост, обврските на квази-владините организации, спасување на банките (bail-outs) и акумулирање и порамнување на долгови и обврски на Владата и државните претпријатија. Во овој контекст би било корисно да се опишат предвидените „позиции за враќање", односно компензаторните мерки што треба да се преземат ако е потребно, како и резерви за непредвидени ситуации.

### 4.7. Сензитивна анализа и споредба со претходната програма

*- Сензитивност на буџетските проекции на алтернативните сценарија и ризици*

Овој дел ќе обезбеди проценка на главните нагорни и надолни ризици на фискалното сценарио во текот на програмскиот период.

Тоа ќе биде проследено со сензитивна анализа на влијанието врз фискалната позиција на промените во главните економски претпоставки (особено растот на БДП, каматните стапки и девизните курсеви) и/или на алтернативното макроекономско сценарио претставено во делот 2.

*- Споредба со претходната програма*

Буџетските остварувања и актуелните планови за политики треба да бидат накратко споредени со целите презентирани во претходната програма, со проценка на причините за каква било значајна разлика во исходите и идните цели.

### 4.8. Фискално управување и буџетски рамки

Програмата треба да ги опише предвидените промени во фискалното управување на земјата, односно аранжманите, правилата и институциите кои се основа на спроведувањето на фискалната политика, како што се: (1) нумерички фискални

правила; (2) независни фискални институции за следење на фискалните перформанси и/ или советување на владата за прашања поврзани со фискалната политика; (3) среднорочни буџетски рамки; (4) користење на реални, непристрасни предвидувања за планирање на буџетот и нивна редовна евалуација; (5) достапноста и квалитетот на фискалните податоци и усогласувањето со стандардите на ЕСА. Програмата треба да ги прикаже и усогласеноста со фискалните правила на земјата во текот на програмскиот период.

### 4.9. Одржливост на јавните финансии

Во овој дел треба да се опише стратегијата во однос на одржливоста на јавните финансии. Програмата треба да презентира анализа на долгорочната одржливост на јавните финансии, особено во контекст на предвидените трендови на расходите за пензии и здравствена заштита[9].

Основните политики треба да бидат соодветно опишани и проекциите треба да се засноваат на „тековното сценарио на политики". Во случај на планирани, но се уште не спроведени реформи, треба да се обезбеди алтернативна табела за „сценарио за реформи" и да се истакнат реформите, како на пример во областа на пензискиот систем и здравствената заштита.

## 5. СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ ВО 2020-2022 (најмногу 40 страни)

Во овој дел треба најпрво да се презентира концизен преглед на главните структурни пречки за конкурентност и инклузивен раст на национално ниво. Следејќи го овој преглед, анализата на структурните пречки за земјата како целина ќе се разграничи по области (наведени подолу) за да се објасни подетално моменталната состојба на економијата. Врз основа на оваа анализа, треба да се идентификуваат 15-20 реформски мерки низ областите, кои ќе се спроведуваат во периодот 2020-2022 година за справување со најважните пречки. Очекуваниот исход или влијание на реформите треба детално да се разработи. Важно е да се вклучат конкретни активности со детална временска рамка за секоја реформска мерка.

Дополнителни појаснувања во врска со дефиницијата за структурна реформа и мерка има во Упатството од 2018 година, кое може да се најде на следниот линк:

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/policy/policy-highlights/economic-governance_en

### 5.1. Идентификација на клучните предизвици за конкурентност и инклузивен раст (најмногу 3 страни)

Овој дел треба да даде концизен преглед на главните структурни пречки за конкурентност и инклузивен раст на национално ниво. Прегледот (кој се однесува целата земја) треба да биде ограничен на анализа на клучните пречки и предизвици во секторите и **не треба** да известува за спроведените реформи или планови за реформи. *Алатката на OECD за дијагностицирање за ПЕР* (линк: https://www.oecd.org/south-east-europe/programme/ERP_Diagnostic_Tool.pdf)

[9] Табела 7 во Анексот.

обезбедува практични упатства за изработката на овој дел и се препорачува таа целосно да се искористи.

### 5.2. Резиме на реформските мерки (најмногу 1 страна)

За да се даде преглед, овој дел треба да содржи табела со утврдените 15 до 20 реформски мерки. ***Доколку реформата е поврзана со заедничките заклучоци од претходните години, ова треба да се идентификува и да се истакне во табелата.***

Мерките треба да се префрлат од минатогодишниот ПЕР, доколку сè уште претставуваат главен приоритет на владата и одговараат на клучните предизвици. Мерките треба да се укинат само доколку: i) се целосно спроведени, ii) не се справуваат ефикасно со клучните предизвици или iii) повеќе не претставуваат приоритет за владата. При отстранување на мерка, потребно е да се образложат причините во табелата 11 од Анексот. Доцнење во спроведувањето на мерката не претставува валидна причина за отстранување.

Мерките треба да се изберат врз основа на идентификуваните клучни пречки за конкурентност и инклузивен раст во делот 5.3 кој следи. Заедничките заклучоци од мај 2019 година исто така треба да се земат во вид при приоритизацијата на структурните реформски мерки во ПЕР 2020-2022, бидејќи ги отсликуваат главните потреби за структурни реформи за секоја економија, како што е заеднички договорено. Транспарентна методологија за приоритизација, базирана на критериуми е содржана *во алатката за приоритизација на ОЕЦД* (линк: https://www.oecd.org/south-east-europe/programme/ERP_Prioritisation_Tool.pdf).

### 5.3. Анализа по области и мерки за структурни реформи (најмногу 35 страни)

Секоја област треба да биде структурирана на следниов начин (ве молиме вклучете ги поднасловите во ПЕР):

**а. Анализа на главните предизвици**

Овој дел опфаќа јасна идентификација на клучните предизвици и нивните ефекти врз конкурентноста, растот и социјалните резултати од вработување и родово влијание. Исто така, треба да се разгледаат пречките за регионалната економска интеграција, вклучувајќи го и спроведувањето на Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област (REA MAP). Сеопфатен сет на индикатори за опис на актуелната состојба за секоја област од ПЕР, како и примери на структурни пречки и нивно влијание врз конкурентноста и растот може да се најдат во *дијагностичката алатка на OECD*, која може да се користи како референтен документ за подготовка на овој дел.

**б. Реформски мерки**

Овој дел треба да вклучува најмногу 20 реформски мерки кои се **јасно набројани**. Избраните 15-20 реформски мерки не мора да бидат задолжително од сите осум области. Меѓутоа, дури и кога во некоја од осумте области нема приоритетна реформска мерка, задолжително треба да има анализа на главните пречки. Секоја реформска мерка треба да ги содржи ***само*** следните информации:

## 1. Опис на мерката

Краток опис на мерката и информации за нејзината врска со националните стратешки документи или секторски стратегии и пошироки реформски напори. Ако мерката се префрла од претходната година, наведете дали активностите планирани во претходните години се спроведени, и доколку не се, образложете ги одложувањата.

### а. Планирани активности во 2020 година

Опишете ги планираните активности во 2020 година и ***назначете кој владин орган/министерство или друг чинител е одговорен за спроведување на секоја активност***.

### б. Планирани активности во 2021 година

Опишете ги планираните активности во 2021 година и ***назначете кој владин орган/министерство или друг чинител е одговорен за спроведување на секоја активност***.

### в. Планирани активности во 2022 година

Опишете ги планираните активности во 2022 година и ***назначете кој владин орган/министерство или друг чинител е одговорен за спроведување на секоја активност***.

## 2. Индикатори на резултат

Во едноставна табела, вклучете 2-3 индикатори за резултати, кои се однесуваат на целата земја, за следење и проценка на резултатите на секоја реформска мерка за специфични сегменти или сектори во економијата. Овие индикатори треба да бидат специфични за секоја реформска мерка. Дополнителни информации за изборот на индикатори може да се земат од *алатката за мониторинг на OECD* (линк: https://www.oecd.org/south-east-europe/programme/ERP_Monitoring_Tool.pdf)

Пример:

| **Индикатор** | **Почетна вредност (година)** | **Посредна вредност (година)** | **Цел (година)** |
|---|---|---|---|
| | | | |

**3. Очекувано влијание врз конкурентноста** (не се пополнува за областа „социјална заштита и инклузија“)

Проценете го очекуваното *квантитативно* влијание врз конкурентноста и/или инклузивниот раст. ПЕР треба да идентификува 1-3 индикатори за исходот на ниво на целата земја, кои можат да се применат на секоја реформска мерка за да се процени, а потоа и извести за влијанието. Дополнителни информации за избор на индикатори може да се земат од алатката за мониторинг на OECD. Таквите

индикатори треба да дадат одговор на следните прашања: Како секторите или бизнисите опфатени со реформската мерка придонесуваат за БДП, растот на БДП, извозот и растот на извозот сега и до кој степен се очекува ова да се промени по спроведувањето на реформата? Кога се разгледува потенцијалниот ефект, треба да се користи подолг временски хоризонт; некои реформи (на пример, образованието) целосно ќе го одразат нивното влијание за 10 или 20 години од сега.

**4. Проценети трошоци за активностите и извор на финансирање**

Проценете ги годишните дополнителни трошоци за спроведување на сите активности на мерката. Наведете го изворот на финансирање кој се користи за покривање на целосните трошоци. Сепак, не го споменувајте конкретниот донатор или заемодавач по име. Дополнителни насоки за трошоците и финансирањето на структурните реформи може да се најдат во *Упатството за трошоците на CEF* (линк: https://www.cef-see.org/files/Costing_Guidance.pdf).

**5. Очекувано влијание врз социјалните резултати, како вработување, намалување на сиромаштија, еднаквост и родово влијание**

Проценете го очекуваното квалитативно и/или квантитативно влијание на мерката врз социјалните резултати, како што се вработеноста, намалување на сиромаштијата, еднаквоста и родовото влијание на краток, среден и/или долг рок. Доколку мерката има неутрално родово влијание, ве молиме да го објасните тоа.

**6. Очекувано влијание врз животната средина**

Проценете го очекуваното влијание на мерката врз опкружувањето (квантитативно) на краток, среден и/или долг рок. Доколку мерката има неутрално влијание врз опкружувањето, ве молиме да го објасните тоа.

**7. Потенцијални ризици**

Пополнете и вклучете ја табелата подолу за секоја мерка.

| Ризик | Веројатност на случување (ниска или висока) | Планирани активности за надминување |
|---|---|---|
| | | |

### 5.3.1 Реформи на пазарот на енергија и транспорт

Во овој дел треба да бидат опфатени јавните политики кои директно влијаат на конкурентноста на пазарите на транспорт и енергија (на пример, либерализација на енергетските пазари, зајакнување на регулативата и надзор итн.).

### 5.3.2 Земјоделски сектор, индустрија и услуги

Јавните политики што директно влијаат на конкурентноста на еден сектор треба да бидат опфатени со овој дел. Ова ги вклучува специфичните секторски и

меѓусекторски стратегии за развој во било кој од овие три сектори на економијата (земјоделство, индустрија/производство и услуги).

### 5.3.3 Деловно опкружување и намалување на неформалната економија

Во овој дел треба да бидат опфатени јавните политики кои директно влијаат врз деловното опкружување (на пр. регулаторни и административни реформи, вклучувајќи и јавни набавки, намалување на трошоците за водење бизнис, вклучувајќи парафискални давачки, подобрување на сопственички права, спроведување на договори, пристап до финансии, поддршка на МСП итн.), субвенции и политики за државна помош, приватизација, реструктуирање на јавни претпријатија и корупција. Тука спаѓаат и јавните политики за намалување на неформалната економија.

### 5.3.4 Истражување, развој и иновации и дигитална економија

Во овој дел треба да бидат опфатени јавните политики кои директно влијаат на капацитетот на економијата/претпријатијата да ја апсорбираат технологијата и да иновираат (на пр. јавни инвестиции и стимулации за приватни инвестиции во истражување и развој, СМАРТ специјализација и меѓусебни врски помеѓу истражувачките институции и бизнисите, поддршка за специфични иновации за МСП итн.). Мерките што се однесуваат на дигитализацијата на економијата исто така спаѓаат овој дел.

### 5.3.5 Реформи поврзани со трговијата

Во овој дел треба да бидат опфатени: јавни политики кои ја поттикнуваат трговската интеграција на земјите на регионално, ЕУ и глобално ниво (на пример, стандарди за квалитет и безбедност, склучување на трговски договори, царинска реформа итн.).

### 5.3.6 Образование и вештини

